О.У. ХРИСТО УЗУНОВ
1878 1905
ОХРИД

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## ООУ„Христо Узунов“ - Охрид

**за период од 2024 до 2026 година**




Датум, 05.05.2025 г.
Охрид

Дел.бр. 02-251/5 од 19.05.2025 година

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ„Христо Узунов“ |
| Адреса | ул.Питу Гули бр.128 Охрид |
| Телефон, е-пошта | 046/266-640 |
| Период на подготовка на СЕУ | Од Октомври до Мај месец 2024/2025 |
| Број на ученици во училиштето | 1004 |
| Број на подрачни училишта | нема |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Марина Ѓоргоска |
| Потпис | Марина Ѓоргоска |
| Датум | 05. 05. 2025 |
| **Одобрување од УО** | 19. 05. 2025 |
| Име и презиме | Наташа Ѓорѓиоска |
| Потпис | Наташа Ѓорѓиоска |
| Датум | 19. 05. 2025 |

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ Христо Узунов Охрид период 2 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр 161 од 5.8.2019 година) Општинското основно училиште Христо Узунов Охрид изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023/2024, 2024/2025 година. За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 20.02.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од една година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
| --- | --- |
| 1. Планирање, настава и учење | Одговорен на тим: Билјана Угриноска<br>1. Пипоска Валентина<br>2. Шопоска Весна<br>3. Георгиеска Наташа<br>4. Стојаноска Христина<br>5. Палоска Васка |
| 2. Постигања на учениците | Одговорен на тим:Билјана Аслимоска<br>1. Слаѓана Митреска<br>2. Виолета Китеска<br>3. Васе Толоманоска<br>4. Бојана Цветаноска<br>5. Владо Андрески |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Одговорен на тим:Катерина Златева<br>1. Наташа Талевска<br>2. Тања Буџакоска<br>3. Гордана Велјаноска<br>4. Бачева Ирена<br>5. Бобан Илиески |

| | |
|---|---|
| 4. Управување и раководење | Одговорен на тим: Вера Зороска<br>1. Татијана Пановска<br>2. Билјана Трајкоска<br>3. Лиле Белева<br>4. Соња Јовева<br>5. Александра Спороска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 05. 05. 2025 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Наставниците своите планирања ги подготвуваат најчесто индивидуално, но и на ниво на стручни активи, но има и такви кои планирањата ги прават и во соработка со колеги на регионално ниво. Подготвените планирања ги следи педагошко-психолошката служба во училиштето и тоа на два начина: целосните планирања кои се подготвени однапред за целата учебна година се проверуваат еднаш годишно, додека пак, оние кои што се подготвуваат процесно за секоја тема, се проверуваат соодветно за секоја тема по доставувањето. Наставниците добиваат и соодветна поддршка за подобрување на планирањата, интерно од стручните служби, на ниво на стручните активи формирани во училиштето, следење на најразлични семинари/вебинари, одржување на совети и состаноци и тн. Сето тоа придонесува да се постигне и подобрување на наставниот процес по секој предмет поединечно.Нашето училиште редовно и во континуитет на наставниците и стручните соработници им обезбедува интерни обуки, предавања и работилници, како и дисеминација на обуки на ниво на училиште<br>за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. Наставниците се анкетираат за темата, видот и времето на одржување на обуките. Се избираат најсоодветните и најпотребните обуки. 98 % од наставниците се изјасниле дека директорот и стручната служба ги следат (најмалку два пати годишно) нивните планирања и даваат навремена и конструктивна поддршка на наставниците при изготвувањето на планирањето на наставниот предмет. Голем број (93%) од испитаниците сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет.Најголем број (96%) наставници сметаат дека во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието. Стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од соработката со други училишта покрај училиштата во земјата така, преку повеќе проекти, и со училишта во странство. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др.<br>Наставните планови и програми (НПП) се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Тие се реализираат во пропишаниот обем и број на часови. Училиштето во целост ги реализира НПП одобрени од МОН.Од прво до шесто одделение се работи според новата Концепција, па покрај пропишаните задолжителните предмети кај учениците од прво до трето одделение се реализираат слободни изборни активности, а кај учениците од четврто до шесто одделение, како и кај учениците од седмо до деветто одделение слободни изборни предмети. Во текот на учебната година најголем дел од испитаниците сметаат дека учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот. Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар.Поголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности како и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците. |

Сите наставници сметаат дека, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, со што се согласуваат и најголем дел од родителите на учениците. Притоа, сите наставници сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, со што се согласуваат поголем дел од испитаниците ученици и родители. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.Поголем дел наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Поголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На поголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На поголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Голем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите, а со тоа се согласуваат и нивните родители, исто така сметаат дека иновативните методи на часовите на учениците им се интересни. Голем број од учениците сметаат дека се активно вклучени во наставата при поставување на прашања, работа во групи или дискусија.

Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Поголем број од наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Асистивната технологија со која располага училиштето е во функција на развојот на учениците со ПОП. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците, во училниците на долниот кат, тоалетите во голема мера се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Во училиштето има 10 ученици со ПОП од кои 9 работат по ИОП, а еден ученик по Модифицирана програма. Во училиштето има еден образовниот асистент кој успешно соработува со наставниците со цел за најдобар интерес на ученикот.

Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Поголем број од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план, поголемот број од учениците биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури со што се согласуваат и родителите кои исто така сметаат дека нивното дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици.

Нашето училиште,најголемиот дел од наставниците учениците и родителите го доживуваат како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува поголеминтерес за учење. Поголем дел од учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење, но со тоа делумно се согласуваат родителите кои во помал број (69%) сметаат дека училиштето им обезбедува пристап до различни материјали за учење енциклопедии, списанија, интернет. Поголем дел од учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот. За време на часовите, поголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Најголем дел од наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.

Поголем дел од наставниот кадар и стручните соработници системски ги

идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.

Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Критериумите се во согласнот со Целите и стандардите предвидени со Наставните програми од соодветните наставни предмети издадени од страна на Бирото за развој на образованието. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците но со нив согласно резултатите од анкетите се запознаени учениците и родителите. Наставниците применуваат различни начини на оценување. Сите наставници се изјасниле дека ги вклучуваат учениците во процесот на оценување (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.). Поголем број (90%) од учеиците сметаат дека добиваат јасни насоки од страна на наставниците во поглед на тоа што треба да учат за секоја оценка и притоа не се согласуваат дека оценувањето е праведно.

Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба и стручните активи. За таа цел се организираат обуки и дебати на ниво на училиште и на стручни активи. Исто така наставниците индивидуално следат и голем број на вебинари се со цел унапредување на наставата и оценувањето на учениците.

Статистичкиот преглед редовно се реализира и презентира од страна на стручната служба пред наставниците на наставнички совет. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината се презентира на крајот на учебната година.

Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

Училиштето во својата Годишна програма секоја година планира и реализира разновидни вонаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Во рамките на воспитно-образовната дејност во училиштето се реализираат и остваруваат разновидни воннаставни активности во согласност со развојните потреби и интересите на учениците, нивно активно учество, со цел училиштето да биде место за социјализација на учениците и привлечна средина за учење, како и да се поттикне дружењето меѓу учениците. За учество на ученикот во вонаставните активности се води евиденција во дневникот на паралелката и на крајот на учебната година на ученикот му се издава додаток на свидетелство. Вонаставните активности кои се реализираат во училиштето се водат од следните начела и принципи: Придонес за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците, Инклузивност и недискриминативност, Привлечност за повеќето ученици, Активно учество на учениците, Развој на интеркултурни компетенции кај учениците, Соработка со родителите и локалната заедница.

Сите ученици се вклучени барем во една вонаставна активност. За учество на ученикот во вонаставните активности се води евиденција во дневникот на паралелката и на крајот на учебната година на ученикот му се издава додаток на свидетелство.

Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на вонаставните активности. Сите ученици активно се вклучуват во општествено-хуманитарните активности.

Голем број (77%) од учениците се запознаени со вонаставните активности кои се нудат во училиштето и самите вршат избор за учество во истите. Во училиштето се реализираат голем број на вонаставни активности предложени од учениците. Учениците сметат дека се вклучуваат во вонаставните активности според сопствен избор. Учениците сметаат дека се доволно вклучени во подготвувањето на програмите за вонаставни активности.

Секоја учебна година на полето на натпреварите училиштето се вкучува активно со учество на разни натпревари, конкурси,такмичења и сл. Со учество на натпреварите се поттикнува натпреварувачкиот дух кај учениците, нивната креативност, амбиција, се јакне самодовербата кај учениците и сл. Наставниците се ментори на овие ученици и менторирањето се одвива на часовите за додатна настава. Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно ниво (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер. Во текот на изминатите учебни години учениците постигнуваат највисоки достигнувања на натпреварите по сите наставни предмети.

**Силни страни**

*Наставниците редовно и континуирано добиваат поддршка за подобрување на планирањата, интерно од стручните служби и на ниво на стручните активи формирани во училиштето што придонесува да се постигне и подобри наставниот процес по секој предмет поединечно.Нашето училиште редовно и во континуитет на наставниците и стручните соработници им обезбедува интерни обуки , предавања и работилници, како и дисеминација на обуки на ниво на училиште за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. 98 % од наставниците се изјасниле дека директорот и стручната служба ги следат (најмалку два пати годишно) нивните планирања и даваат навремена и конструктивна поддршка на наставниците при изготвувањето на планирањето на наставниот предмет. Голем број (93%) од испитаниците сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет.Најголем број (96%) наставници сметаат дека во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието. Стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од соработката со други училишта покрај училиштата во земјата така, преку повеќе проекти, и со училишта во странство.

*Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем.

*Задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.

*На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

*Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.

* Најголемиот број ученици се изјаснаа дека наставниците редовно и континуирано користат различни начини за проверка на нивните знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.).

*82%од анкетираните родители сметаат дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на успехот на нивното дете.

* 99% од анкетираните родители сметаат дека онтинуирано се информирани за редовноста на нивното дете.

*Родителите и учениците се запознати со листата на изборни предмети и активности и по слободен избор се избран и согласно интересите на учениците.

**Слаби страни**

* Мал дел од анкетираните наставници не се согласуваат дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.

*Помал број од анкетираните ученици не се согласуваат дека користат различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели).

*Мал број од родителите сметаат дека учениците во училиштетонемаат доволно пристап до

различни материјали за учење енциклопедии, списанија, интернет.

**Приоритети**

*Имплементација на новите наставни програми за седмо одделение.

*Реализација на најразновидни вонннаставни активности со што ќе го зголеми интересот кај учениците и ќе овозможи училиштето да биде пријатно место за престој,како и активности и поголемо вклучување на учениците во креирање на активности кои се во согласност со нивните интереси.

*Училиштето активно ќе го поддржува ученичкото организирање,ќе продолжи да го овозможува учеството на натпревари.

Училиштето ќе продолжи да дава силна поддршка и помош на наставниците да продолжат да користат современи методи,средства и техники во процесот на оценувањето.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме**

Училиштето систематски ги анализира податоците за постигањата. По секој квалификациски период се донесува акциски план за подобрување, кој се следи квартално.

Во училиштето се следат постигањата на учениците по наставни предмети и одделенија по класификациони периоди и се прави споредба на успехот и поведението на учениците, се предлагаат мерки за подобрување на истите.

Успехот во изминатиов период константно се одржува на ниво на многу добар.

Има незначителен број ученици со недоволни оценки кои одат на дополнителна настава во јуни. Претходната учебна година имаше ученици на дополнителна настава по англиски и историја.

Во овие изминати години нема ученици кои ја повторувале годината..

Постигнатиот успех на учениците од IV-IX одделение се бележи со оценки, додека кај учениците од I-III одделение со нивоа на описно оценување.

Не се следи напредокот на учениците во средно училиште, но при преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката зауредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот и истите ги зема во предвид при натамошна образовна работа со ученикот.

Во однос на следењето на постигнувањата на учениците по различен пол и етничка припадност доминира уверувањето дека училиштето не ги следи постигнувањата на учениците според наведените критериуми.

Резултатите од ТИМСС 2023 беа на задоволително ниво. Анализите се користат за унапредување на наставниот процес.

Резултатите добиени на државното тестирање,студиите/извештаите за меѓународни оценувања се анализираат и наставата се подобрува соодветно.

Идентификацијата на учениците со потешкотии, со посебни образовни потреби и надарени ученици се одвива во текот на наставниот процес односно уште од запишувањерто на учениците во прво одделение преку нивно набљудување, опсервација и следење.

Учениците најпрво ги идентификуваат самите наставници па во соработка со стручна служба понатаму се планира, организира и реализира работата на овие ученици кои

добиваат помош во својот напредок и развој согласно нивните потреби, интереси.

На прашањето , Успевам да ги идентификувам надарените ученици на тврдењето целосно се согласувам одговориле 62% , на тврдењето се согласувам одговориле 38%.

Училиштето дава поддршка кај ученици со потешкотии,

Во училиштето не постои стандардизиран систем за идентификација на надарени и талентирани ученици

Не постои правилник од МОН и БРО за нивна идентификација.

Учениците учествуваат на различни литературни и ликовни конкурси како и натпревари во знаења по голем број предмети, што се организираат на општинско, регионално и државно ниво.

Нашите ученици на тие натпревари и конкурси освојувваат први, втори и трети места за што училиштето се грижи да ги промовира нивните постигнувања преку локалните медиуми, училишниот весник за Патронатот на училиштето, Годишниот извештај за работа на училиштето, како и избор на Првенец на генерација.

Ученичките постигања се промовираа на тој начин што постојано нивните трудови во наставните и вонн астaвните активности се истакнуваат по ѕидовите на училниците и ходниците.

Учениците често се вклучени во одбележување на одредени денови, како Трети декември, Осми март, Ментално здравје,

Даунов синдром, Ретки болести, Германски базар и многу други, како и соработка со останатите училишта во општината.

Училиштето, согласно законот за основно образование, има одлука и решение за формирање Училишен инклузивен тим, како и инклузивен тим на ученик, со времетраење од три учебни години.

Со учениците со ПОП во соработка со наставниците и нивните родители работи специјалниот едукатор и рехабилитатор, инклузивниот училишен тим и Инклузивен тим на ученик како и стручната служба во целост, со постојана координација и надополнување.

За некои од нив се изработува ИОП, по претходна проценка и препорака од тимот на Центарот за поддршка, поранешно МКФ и се обезбедуваат образовни асистенти, од страна на ресурсниот центар ОУРЦ Кочо Рацин, Битола.

Во моментов и во изминатиот период, во нашето училиште има само еден образовен асистент за ученик во одделенска настава, кој успешно соработува со наставниците со цел за најдобар интерес на ученикот.

Во училиштето има 10 ученици со ПОП од кои 9 работат по ИОП, а еден ученик по Модифицирана програма.

На прашањето, Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето ,од спроведена анкета, целосно се согласуваат одговориле 60%, од наставниците а 40% се согласувам.

Родителите редовно добиваат информации преку е-дневникот, родителските состаноци, Viber групи, индивидуални средби, работилници.

Родителите за постигнувањата на нивните деца се информираат усно на индивидуални средби со одделенскиот раководител и предметните наставници, а писмено преку евидентните листови што им се даваат на учениците по секое тримесечие, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година.

Нашето училиште води електронски дневник, со кој се овозможува полесно информирање и секојдневна контрола од страна на родителите за постигнувањата и изостаноците на своите деца.

За постигањата на децата со ПОП, Училишниот инклузивен тим како и инклузивниот тим за ученик, редовно го следи напредокот, дава насоки околу реализација и евалуација на истиот, оддржува редовни состаноци, достапен е и учествува во известување на наставниците и родителите.

Училиштето има разработено систем за навремено информирање на учениците и родителите за работи што се од нивен интерес. Се организираат доволно родителски средби но и манифестации, претставувања и приредби. Сите ученици се вклучени во процесот на решавање проблеми и давање мислење, предлози и идеи.

Од спроведената анкета со родители, на прашањето, Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете, целосно се согласуваат 41%, од родителите а 46% се согласуваат.

Поголемиот дел од учениците редовно посетуваат настава. За отсутните се преземаат мерки.
Изостанувањата најчесто се должат на одсуство поради болест.
Редовно следење и евидентирање на изостаноците на учениците од страна на наставниците и стручната служба.
Со податоците за редовност е запознаен е Наставничкиот совет, одделенскиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор, и се водат полугодишни и годишни извештаи, како и за секое изминато тромесечие.
Се настојува, до одделенските раководители да бидат објективни во оправдувањата на одсуствата на учениците и да се води грижа за намалување на бројот на изостанувања во наставата и зголемување на нивото на одговорност кај учениците.
Советување на учениците кои изостануваат од настава од страна на психологот
Советување на родителите на учениците кои имаат над 10 неоправдани и 100 оправдани изостаноци од страна на психологот во училиштето.
Кодекс на однесување на учениците за намалување на изостаноците.
Индивидуални средби со родите.лите од страна на наставниците и стручната служба
Примена на педагошки мерки за намалување на изостаноците
Учениците и родителите се советуваат доколку:
има повеќе од три негативни оценки,
има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци,
ако учениците имаа несоодветно однесување,
На родителите им се испраќаат покани, секој родител кој треба да присуствува на советувањето добива покана осум дена пред одржувањето,
Се изработуваат извештаи од советувањето,
Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.
Отсутноста на учениците од настава се следи, исто така, секојдневно и отсутниот ученик се евидентира во делот за отсутни ученици, а бројот на изостаноци се евидентира во делот за изостаноци.
Според бројот на изостаноци направени во текот на учебната година, се одредува поведението на учениците како: примерно, добро и незадоволително.
Наставниците применуваат различни методи,техники и стратегии, за подобрување на резултатите,
Училиштето води евиденција за следењето на индивидуалниот напредок и постигнувањата на сите ученици во секое одделение.
За секое одделение се води дневник на паралелка во кој се наведени учениците со име и презиме, постигнувањата т.е оценките по одделните наставни предмети, поведението, отсуствата.
Во дневникот на паралелката во делот за воннаставни активности се евидентираат и учениците кои учествувале на натпревари, освоените награди и признанија (евиденција за овие ученици се води и кај стручната служба во училиштето во посебен евидентен лист за воннаставни активности
Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските наставници и родителите за постигањата на учениците.
Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава.
Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето.
Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата.
Се организира дополнителна и додатна настава за сите категории ученици.
За дополнителната настава изготвени се и посебни известувања до родителите на

| |
|---|
| учениците кај кои се воочени потешкотии во совладувањето на материјалот по поедини предмети,<br>Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава,<br>Стручната служба соработува со учениците, наставниците, родителите, според своја однапред изготвена програма за работа и дава соодветна поддршка во постигањата. |
| **Силни страни**<br>-Советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.<br>-Континуирано следење на постигањата на учениците и преземање активности за нивно подобрување;<br>-Училиштето , преку организирање додатна настава им овозможи на надарените ученици да ги развиваат своите потенцијали;<br>-Преку набљудување, насоки, подршка и соработка, се идентификуваат ученици со тешкотии во учењето, како и ученици со посебни образовни потреби;<br>-Комуникација со локалната заедница и континуирано подобрување на условите и постигањата на учениците;<br>-Следење и анализирање на редовноста на учениците и мотивирање на учениците преку вонннаставни активности<br>-Надминување на појавата за повторување на годината од страна на учениците преку заедничка соработка со наставниот кадар и учениците во училиштето;<br>-Објективна евиденција на неоправданото отсуство од наставата;<br>-Успешна соработка со родителите и стручните соработници и наставници, преку консултации, работилници, советувања,<br>-Во училиштето има добра соработка меѓу стручната служба, учениците, родителите и наставниците во однос на резултатите и постигањата на учениците.<br>-Дел од училишната култура е и хуманиот пристап кон сите на кои им е потребна помош преку организирање и спроведување хуманитарни акции , во соработка со Црвен Крст, ден на глад,со цел да се подигне свеста кај учениците за меѓусебна почит, еднаквост, емпатија, ненасилно однесување, разрешување конфликти.<br>-Јакнење на капацитетите на училиштето во работата со деца со посебни потреби (кабинет, наставни средства, семинари за дефектолози, соработка со надворешни професионалци ,соработка со Ресурсен центар- Битола, МКФ, меѓународна комисија за функционална попреченост, соработка со центар за поддршка, Оддел за психологија при медицински центар Охрид, Центар за ментално здравје, Центар за труд и социјална политика,Завод за рехабилитација на слух, говор и глас)<br>-За 10 ученика со посебни образовни потреби стручната служба реализира и организирана индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење.<br>-Во училиштето се води анализа на севкупниот успех на учениците по паралелки врз основа на индивидуалните извештаи за учениците.<br>• □□□ |
| **Слаби страни**<br>• Систем за идентификација на надарени и талентирани ученици<br>• Усовршување на потенцијалите на наставниците за работа со ученици со потешкотии во учење<br>• Мотивирање кај учениците и намалување на бројот на изостаноци, |

- Вклучување на стручните соработници во постигањата на надарените ученици
- Поголема можност да дадат придонес родителите во процесот на постигањата

**Приоритети**

- Доградување на започнатата сензорната соба.
- Развој за критичко размислување и когнитивни вештини кај учениците.
- Правилник кој би го овозможил Мон и изработка на интерен правилник за идентификација.
- Примена на различни стратегии за активно учење.
- Иновативни наставни методи за подобрување на резултатите на национални и меѓународни тестирања.
- Обуки, активи и состаноци за успешна инклузија и позитивни ставови во средината
- Работилници со родители.

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|
| **Опис/резиме** |
| |
| Од собраните податоци и направените анализи,на индикаторите од подрачје 3 Училишна клима и напредок на училиштето, може да се заклучи дека имиџот на училиштето, значително се одвива со поголем напредок од минатата година. Се почитуваат и реализираат преку низа програми, планирања, наставни и воннаставни активности, соработка со локална заедница мисијата и визијата на училиштето. Директорот на училиштето, наставниците, учениците и стручната служба се грижат за афирмација на училиштето. Во училиштето постои кодекс на однесување, куќен ред и статут на училиштето кој влијае врз дисциплината и редот на вработените и учениците. Што покажува и фактот дека 81% од испитаните родители се согласуваат со тоа као училиштето се справува со дисциплината која допринесува за училишната клима и имиџот на училиштето. Училишната клима е мотивирачка за учениците што покажува фактот од анкетираните родители во врска со прашањето дали би сакале нивното дете да оди на училиште се изјаснале 60% од испитаниците. Наставата е организирана според педагошките стандарди и закони.Одделенските и класните раководители го применуваат Правилникот за изрекување педагошки мерки и истите ги изрекуваат навремено и постапно. Во училиштето се формирани тимови за поддршка.Од страна на стручната служба се повикуваат родители и ученици на советување. За што зборува и процентот од 70% од испитаниците кои се согласуваат дека подеднакво се применуваат мерките доколку не се почитува редот и дисциплината во училиштето.Наставниот кадар, стручната служба како и тимовите во училиштето ги запознаваат учениците со нивните права, и го почитуваат еднаквиот и правичен третман на учениците во училиштето. На тој начин што ги вклучуваат преку различни заедници, организации, ученички парламент. За што зборуваат и 66% од испитаниците кои се изјаснале дека ученичката заедница учествува во активности за подобрување на работата на училиштето. Според анкета, разговори со ученици, родителите,наставници интервјуата со директорот,заменик директор,стручна служба, училишен едукатор и рехабилитатор, тимовите за МИО и ПОП, и увидот во реализираноста на предвидените активности во Годишната програма за работа на училиштето посебно/ поединечно на стручната служба, активите и тимовите секој има предвидено и реализира активности за познавање и почитување на правата на децата и нивното реализирање во нашето училиште. Со предвидена програма се организира прифаќање на учениците. Наставничкиот кадар и стручната служба водат грижа за еднаквата и правична застапеност на учениците во училиштето.На прашањето имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето,како и другите ученици 66 од испитаните ученици целосно се согласиле. Секогаш се води грижа за структурата на паралелките, бројот на ученици во паралеките, еднаква застапеност според степен на образование на родителите, како и увидите од тестирањата направени од стручната служба при уписот на учениците во прво одделение. Истотака во училиштето постои тим за меѓуетничка интеграција, а наставниците во рамките на своите планирања реализираат одделенски часови, со теми од животни вештини. 55% од испитаниците целосно се согласуваат со тоа дека добиваат целосна поддршка од наставниците и стручната служба за решавање на нивните проблеми. Постојат критериуми и правилник за избор на првенец на генерација. Се формира и комисија за избор на првенец на генерација. Јавно и транспарентно пред наставнички совет се образложуваат одлуките на комисијата,како и критериумите по кој е вршен изборот за првенец на генерацијата. Од претходно наведеното се заклучува дека во училиштето постои еднаков и правичен третман на сите ученици. Во училиштето има програма за превенција од насилство , заштита од злоупотреба и запуштање како и спречување дискриминација. Таа е изработена според Упатството за спречување насилство издадено од МОН и се наоѓа во прилозите на оваа годишна програма. во Статутот на училиштето се предвидуваат одредби за заштита од насилство. Училиштето го спроведува законот за заштита од пушење алкохол и дрога.Во училиштето често се спроведуваат работилници за превенција од цигари, алкохол и дрога, од стручните служби во училиштето и од |

надворешни организации како Центар за јавно здравје, Црвен крст, невладини организации и др.На прашањето дали се преземаат мерки за заштита од алкохот,дрога и насилство 85% од испитаниците се изјаснале дека се запознаени и дека истиот се применува. Учениците имаат постојано предавања за здравата храна и исто така имаат практични наставни и воннаставни активности за начинот на исхрана, за тоа како правилно и здраво да се хранат. Во училиштето се спроведува постојана едукација на учениците за консумирање здрава храна во рамките на редовните наставни содржини и на одделенскиот час, а и се реализираат проекти во текот на учебната година. Учениците имаат практични и стручни предавања од Невладини организации, Центар за јавно здравје и акредитирани организации во врска со хигиената и одржувањето на здравјето како и заштита од болести. Во училиштето се спроведува постојана едукација на учениците за хигиената и заштитата од заразни болести во рамките на редовните наставни содржини и на одделенскиот час, Грижата за здравјето на учениците се реализира и преку активности во соработка со Медицински центар–Охрид, беа извршени и сите тековни систематски прегледи.За хигиената во училиштето која значително влијае на заштитата од заразни болести 50%од испитаниците се изјасниле дека се согласуваат со начинот на кој се спроведува. Што доведува до заклучок дека има мало подобрување во однос на претходните години. Сите субјекти во воспитно-образовниот процес имаат се грижат за создавање позитивна социо-емоционална клима во училиштето(вработени, ученици, родители). За развивање на позитивна социо- емоционална клима училиштето ќе планира активности за учениците од ранливата група( ученици со ниска самодоверба, ученици жртви на насилство ,проблеми во однесувањето, емоционални потешкотии, тешкотии со комуникацијата, социјално загрозени, насилно и агресивно однесување).Активностите за работа со овие категории на ученици се содржат во годишните програми на стручните соработници.Препорака за работа со вакви ученици дава одделенскиот раководител, стручната служба или родителите. Учениците секогаш кога имаат потреба се обраќаат до стручната служба во ситуации кога имаат проблем, училиштето спроведува активности за социо емоционално учење кое има за цел да обезбеди подеднаква застапеност на содржини за социо-емоционален развој во училишните програми како што се застапени содржини за развој на когнитивните вештини и писменоста. Училиштето им помага на родителите и на учениците при избор на средно образование,согласно со особеностите,способностите и афинитетите на учениците.Психологот односно педагогот во училиштето е одговорен за спроведување на активностите од областа на професионалното информирање и ориентирање на учениците од осмо и деветто одделение со користење алатки за утврдување на интересите и можностите на учениците. Со учество на учениците во програмата за професионална ориентација,за што покажуваа 68% од испитаниците кои одговориле дека се сложуваат со тоа дека добиваат информации и професионална поддршка во однос на изборот на нивното образование.Во однос на соработката на училиштето со родителите и старателите, може да се заклучи дека е на високо ниво. Во училиштето има совет на родители кој редовно одржува состаноци за што постојат записници, преку кои дава свои предлози, идеи за подобрување на воспитно-образовниот процес. Има свои претставници во училишниот одбор каде влија врз донесувањето на одлуките. Наставниците редовно одржуваат групни и индивидуални родителски средби. Родителите редовно се информираат за сите вон наставни активности, ученички акции и работилници во кои и тие учествуваат.77% од испитаните родители на прашањето дали нивните одлуки и мислења влијаат врз воспитно процес се изјаснаале дека целосно се согласуваат. Родителите се вклучуваат во процесот на давање мислења и сугестии за дополнување или измени на видовите планирања во училиштето, постојано се информирани за наставниот процес преку континуирана соработка со Советот на родители, училишниот одбор, директорорт на училиштето, наставниот кадар, стручни соработници и ученици. Активно се вклучат во давање подршка на наставниците за олеснување на работата со учениците, со учениците со потешкотии во развојот и посебно ги подржуваат соработките за напредување на надарените ученици и таленти. Училиштето континуирано реализира успешна соработка со локалната самоуправа, бизнис заедница и месното население преку индивидуални средби, пишана

електронска комуникација, состаноци, дебати, трибини, посета на институции и бизнис компании во локалното опкружување, собири за одредени случувања во училиштето. Локалната заедница се вклучи во промовирање на постигнатите резултати на училиштето од различен вид, промовирање на проектните активности, комуникацијата со медиумите и друго. Проектите кои се реализирани во нашето училиште, во однос на подобрување на условите за работа и олеснување на воспитно образовниот процес на учениците и наставниците докажува дека училиштето има одлична соработка со локална и партнер заедницата. Училиштето соработува и со други институции и невладини организации: спортски друштва, здравствени организации, медиуми. Завзема учество на конкурси и напревари за што докажуваат многубројните високи успеси на нашите ученици и нивните наставници.

**Силни страни**

- **Во училиштето владее позитивна и мотивирачка училишна клима.**
- **Училиштето се грижи за угледот и имиџот преку разни форми и активности, запазувајќи ја реализацијата на мисијата и визијата предвидени во годишната програма.**
- **Училиштето има кодекс на однесување и куќен ред.**
- **Училиштето се справува со дисциплината.**
- **Учениците се запознаени со своите права и се внимава на еднаков и правичен третман на учениците.**
- **Учениците сакаат да доаѓаат во училиште и се прифатени од страна на наставниците.**
- **Училиштето претставува безбедна средина за учениците.**
- **Стручната служба во соработка со наставниците и директорот на училиштето им овозможува на учениците поддршка во справување со насилство.**
- **Училиштето води грижа за заштита на здравјето како и социо-емоционалниот живот.**
- **Учениците се информирани и добиваат поддршка за својата професионална ориентација и продолжување на своето образоваие.**
- **Не постои дискриминација во училиштето по пол и етничка припадност.**
- **Директорот на училиштето соработува со локалните и партнерски заедници и се грижи за промоција на угледот и имиџот на училиштето.**
- **Училиштето реализира многубројни проекти за подобрување на условите и олеснување на работата на наставниците,за што постојат и докази.**
- **Учениците преку своите учества на конкурси и натпревари постигнуваат високи резултати, со што допринесуваат за училишната клима.**
- **Соработката и вклученоста на родителите/старателите во училиштето е на високо ниво**
- **Училиштето води грижа за учениците со ПОП, ученици со потешкотии, ученици од ранлива категорија како и за талентирани и надарени ученици**

**Слаби страни**

**- Помал дел од анкетираните се изјасниле дека ученичкиот парламент не функционира доволно со свои предлози и иницијативи**

**- Вклученост на родителите во работилници за превенција од алкохол, пушење, дрога и насилство**

**Приоритети**

- **Училиштето во иднина да се погрижи за поголема вклученост на ученичката заедница во донесување одлуки**
- **Поголема вклученост на родителите во реализација на работилници за превенција од алкохол,пушење, дрога и насилство**

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме**

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Најголем број од родителите (77%) се согласуваат дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри.

Најголем дел од наставниците се изјасниле дека училиштето многу добро планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.

Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот научилишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Обезбедувањето на наставен кадар е многу добро.Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и совремeнтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

Училиштето нема и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.
Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители.
Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.
Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница.
Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.
Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

**Силни страни**
Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро.
Сместувањето и просторните капацитети се многу добри. Во последните години многу се вложувало во подобрување на сместувањето, инфраструктурата, инвентарот, нагледните средства.
Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.
Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Најголем дел од родителите сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.
Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика.

**Слаби страни**
-Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците и стручните соработници
-Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот.

**Приоритети**
-Ревидирање на Правилникот за оддавање признанија на наставниците и стручните соработници и негова примена.
-Откривање на начин на информирање на сите чинители во училиштето за тоа како се троши буџетот.
-Преземање мерки и активности за санирање на фасадата,  доградмата во ходниците.

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

- ✓ Реализација на најразновидни воннаставни активности со што ќе го зголеми интересот кај учениците и ќе овозможи училиштето да биде пријатно место за престој, како и активности и поголемо вклучување на учениците во креирање на активности кои се во согласност со нивните интереси.
- ✓ Училиштето да дава поддршка и помош на наставниците да продолжат да користат современи методи,средства и техники во процесот на оценувањето
- ✓ Набавување на одредени средства преку организирање на базари и училишни активности како и донации од родители или други заинтересирани субјекти
- ✓ Доградување на започнатата сензорна соба
- ✓ Развој за критичко размислување и когнитивни вештини кај учениците
- ✓ Правилник кој би го овозможил Мон и изработка на интерен правилник за идентификација.
- ✓ Примена на различни стратегии за активно учење и обуки на наставно-воспитниот кадар за најновите сознанија од областа на воспитанието и образованието
- ✓ Иновативни наставни методи за подобрување на резултатите на национални и меѓународни тестирања.
- ✓ Обуки, активи и состаноци за успешна инклузија и позитивни ставови во средината
- ✓ Работилници со родители за врсничко насилство, алкохол, дрога, пушење, и други превентивни програми
- ✓ Поголема вклученост на ученичката заедница во донесување одлуки
- ✓ Ревидирање на Правилникот за оддавање признанија на наставниците и стручните соработници и негова примена.
- ✓ Преземање мерки и активности за санирање на фасадата и дограмата во ходниците
- ✓ Транспарентност во трошење на финансиските средства во училиштето
- ✓ Подобрување на просторните услови во училиштето за организирање на настава по СИП
- ✓ Обезбедување на финансиски средства од локална самоуправа, проекти, сопствени средства за обука на наставници и стручни соработници и за набавка на современа технологија за одвивање на наставата

Комисија за спроведување на СЕУ:

Дијана Јулоска - педагог
Ивана Героска Трпеска- психолог
Наташа Групчева Пупиноска- одд. наставник
Стефанија Ставреска – родител ( шесто одд.)